Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 04-1295/11

Дата: 16. 07.2024 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б. 1430 Кавадарци, Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 48, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на РМ", бр.11/15 и 35/18 и "Сл. весник на РСМ" бр.303/20),

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување

I. Во врска со интерниот оглас бр.03/2024 за унапредување на административен службеник во Општина Кавадарци, објавен на ден 14.02.2024 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и на Општина Кавадарци,
за работно место- со шифра УПР 01 01 В01 000, Советник за основно образование, во Одделение за образование и спорт, во Сектор за образование и спорт..............1 (еден) извршител,

СЕ ИЗБИРА кандидатот **Елена Јованова.**

II. Одлуката за избор за унапредување се објавува на интернет страницата на Општина Кавадарци.

## Образложение

Во член 48, член 49, член 50, член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), предвидена е постапка за унапредување на административни службеници врз основа на објавен интерен оглас.

Согласно Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на РМ", бр. 11 од 26.01.2015 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на Р.М.", бр. 35 од 23.02.2018 година) и ("Сл. весник на Р.С.М.", бр. 303 од 21.12.2020 година),

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Општина Кавадарци во електронска форма на интернет страницата на Општина Кавадарци и на Агенцијата за администрација на ден 14.02.2024 година објави интерен оглас број 03/2024.

Врз основа на член 8-а, став 1, алинеја 3 од Изборниот законик, а согласно Решение за распишување на избор за претседател на Република Северна Македонија (Сл.весник на РСМ бр. 37/24) и Решение за распишување на избор за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија (Сл.весник на РСМ бр. 37/24) започнатата постапка за унапредување се стави во мирување до завршување на изборите односно до изборот на претседател на Република Северна Македонија, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Владата на Република Северна Македонија согласно со резултатите од изборите.

Врз основа на објавениот интерен оглас бр.03/2024 за унапредување на административен службеник во општина Кавадарци за работното место со шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за основно образование, во Одделение за образование и спорт, во Сектор за образование и спорт..............1 (еден) извршител, со решение бр.04-1295/8 од 03.07.2024 година формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник во општина Кавадарци.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно записникот бр.04-1295/9 од 12.07.2024 година за административна селекција на кандидати и записникот бр.04-1295/10 од 12.07.2024 година за спроведување на интервју, изготви финална ранг листа и до Секретарот на Општина Кавадарци достави предлог одлука од интервјуирани кандидати за работното место Советник за основно образование, во Одделение за образование и спорт, во Сектор за образование и спорт, во Општина Кавадарци.

Согласно член 52, став (1) од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), по добивањето на предлогот за прворангираниот кандидат одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Изработил:Флорина Делова
Контролирал: Надица Алексова
Одобрил:Јасминка Ѓорѓиева Тодоров

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Секретар**
**Тодор Ефремов**

Арх.Бр. 04-1295/

Дата: 07.2024 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail:
opshtina@kavadarci.gov.mk